Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

**23 мај, 2023**

**Архивски број : 67-1078/12**

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 171/22), како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 147/08), Министерот на Министерство за транспорт и врски организира

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И РАСПРАВА ПО**
**Нацрт Извештајот за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец**

Се известуваат граѓаните, правните и физички лица дека се организира Јавна презентација и расправа за Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец.

**Јавната презентација и расправа на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се одржи на ден 12.06.2023 година (понеделник) во 11:00 часот, во просториите на Советот на Општина Петровец.**

Одлуката за спроведување Стратегиска оценка на влијание врз животната средина од Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец, е донесена на 02.03.2023 година и може да се погледне на следниот линк: http://mtc.gov.mk/Sozzs/test-238 и http://mtc.gov.mk/Sozzs/1-3 .

Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец беше објавен на 28.04.2023 година на web страната на Министерството за транспорт и врски ( http://mtc.gov.mk/Sozzs/test-243 ) и се уште може да се погледне на истиот линк.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

**Министерството за транспорт и врски ја информира заинтересираната јавност дека до 27.06.2023 година сите заинтересирани можат да ги доставуваат своите забелешки, мислења и сугестии до Министерството за транспорт и врски, ул. Плоштад Црвена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје, или на електронските адреси на Министерството за транспорт и врски:**

aleksandra.jovikj@mtc.gov.mk

и

vesna.markovska@mtc.gov.mk.

**МИНИСТЕР**

**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Изработил: Александра Јовиќ, диа

Проверил/Одобрил: Весна Андриевска, диа
Раководител на сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk